### ЕКСКЛУЗИВНИ ФОТОГРАФИИ ОД СКУЛПТУРИТЕ ШТО ЌЕ НИКНАТ НА ПЛОШТАД

# Доаѓаат Гоце и Даме на коњи

Петметарски споменици на Гоце Делчев и на Даме Груев, качени на коњи, ќе никнат на скопскиот плоштад веднаш по изборите, дознава телевизија „А1“. Споменицитe ќе бидат поставени лево и десно од Камени мост во Скопје. Тие се веќе изработени во глина и се чуваат на тајна локација во земјава. Наскоро се планира да патуваат за да го добијат својот конечен изглед. Треба уште да бидат излеани во бронза, тврди телевизијата.

Овие два споменика ќе бидат првите од 17-те што општина Центар има намера да ги постави во потесното градско подрачје. Споменикот на Александар Македонски, за кој се крена најмногу прав, според информациите, се изработува во Фиренца, Италија. Сè уште не се знае кога ќе биде готов и кога ќе се постави на средината од плоштадот Македонија.

Споменицитe ќе чинат околу 8 милиони евра. **Г.М.**



